# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ КАКО И АКТУЕЛНИ ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА

Кон крајот на Август и почеток на Септември 2008 година, стручниот тим на Институтот за демократија спроведе телефонска анкета за испитување на перцепциите на граѓаните за политичките партии во Македонија, нивното мислење за лидерите на политичките партии, како и за неколку актуелни политички прашања во моментот.

## КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија според поделбата од 2002 година.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Со испитувањето беа опфатени вкупно **1 112 испитаници**. Од нив 526 испитаници се мажи, а 586 се жени, односно 47,3% од испитаниците се мажи, а 52,7% се жени.

Во однос на **старосните групи** 223 (20,1%) се млади до 29 години. Понатаму 189 (17%) имаат помеѓу 30 и 39 години, 234 или 21% се на возраст помеѓу 40 и 49 години, 218 испитаници односно 19,6% од вкупниот број се во старосната група помеѓу 50 и 59 години, а 248 (22,3%) се постари од 60 години.

Според **образованието** 4% од испитаниците немаат завршено основно образование, а 16,7% имаат само основно образование. Најголем дел од нив или 51,9% имаат средно образование, додека останатите 27,3% од испитаниците имаат више или високо образование.

Според **етничката структура**, најголем дел од испитаниците се етнички Македонци и тоа 795 од нив или 71,5% од вкупниот број, а втори по бројност се етничките Албанци со 268 испитаника или 24,1%. Останатите испитанци се од другите етнички заедници.

Доколку се погледне структурата на испитаниците според **местото на живеење** ќе видиме дека 25,4% се од поголемите градови во Македонија, а 23,1% се од помалите градски средини. Останатите 28,1% од сите испитаници се од рурални средини, а 23,4% се од Скопје.

Во склоп на истражувањето, **подеднакво беа опфатени шестте изборни региони во Република Македонија**, при што отстапувањата меѓу регионите во поглед на нивната застапеност во анкетата се движеа во рамките на дозволеното (+/-1%).

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анкетниот прашалник се состоеше од повеќе прашања, на кои испитаниците ги дадоа следните одговори:

**ПРВОТО ПРАШАЊЕ** во анкетата беше **За која партија би гласале на следните парламентарни избори?** Доколку се споредат одговорите на ова прашање со претходните истражувања кои беа спроведени пред парламентарните избори може да се забележи дека нема големо поместување на рејтингот на партиите.

| За која партија би гласале на следните парламентарни избори? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Број на испитаници | Процент |
| | ниедна | 140 | 12,6 |
| | друга | 5 | 0,4 |
| | не знам / нема одговор | 405 | 36,4 |
| | СДСМ | 108 | 9,7 |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 313 | 28,1 |
| | ДУИ | 100 | 9 |
| | ПДП | 2 | 0,2 |
| | ДПА | 30 | 2,7 |
| | НСДП | 1 | 0,1 |
| | ПЕИ | 2 | 0,2 |
| | ДС | 1 | 0,1 |
| | ЛДП | 4 | 0,4 |
| | ВМРО-Народна | 1 | 0,1 |
| | Вкупно | 1112 | 100 |




Во **ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните требаше да одберат еден македонски **политичар во кој имаат најголема доверба**. Како и во претходните истражувања највисок рејтинг има актуелниот Премиер на Република Македонија, Никола Груевски втор на листата е лидерот на ДУИ, Али Ахмети, додека трет е Претседателот Бранко Црвенковски.

| Во кој политичар имате најмногу доверба? | | | |
|---|---|---|---|
| | | Број на испитаници | Процент |
| | ниеден | 383 | 34,4 |
| | друг | 19 | 1,7 |
| | не знам / нема одговор | 77 | 6,9 |
| | Радмила Шекеринска | 3 | 0,3 |
| | Никола Груевски | 357 | 32,1 |
| | Али Ахмети | 118 | 10,6 |
| | Мендух Тачи | 16 | 1,4 |
| | Тито Петковски | 2 | 0,2 |
| | Владо Бучковски | 1 | 0,1 |
| | Павле Трајанов | 3 | 0,3 |
| | Јован Манасиевски | 1 | 0,1 |
| | Стојан Андов | 1 | 0,1 |
| | Љубчо Георгиевски | 2 | 0,2 |
| | Бранко Црвенковски | 106 | 9,5 |
| | Арбен Џафери | 21 | 1,9 |
| | Бардуљ Мамути | 2 | 0,2 |
| | Вкупно | 1112 | 100 |




Во **следните неколку прашања** се бараше мислењето на граѓаните за **неколку актуелни закони** кои треба да се донесат или се донесени во Парламентот (Законот за пушење, за јавна чистота, за трето дете и за веронаука). Одговорите на тие прашање се следните:




Дали се согласувате со новите казнени одредби кои се предложени во законот за јавна чистота и законот за отпад?
100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
88,8%
7%
4,2%
да
не
не знам/нема одговор


Дали ги поддржувате мерките на Владата за проширување на семејството со трето дете?
не знам/нема одговор
не
да
8,9%
12,9%
78,2%
0
10
20
30
40
50
60
70
80


Дали го поддржувате воведувањето на предметот веронаука во петто одделение, како изборен предмет?
70
60
50
40
30
20
10
0
66,6%
22,7%
10,7%
да
не
не знам/нема одговор

Следното прашање беше **Дали очекувате брзо решавање на спорот со името?** А одговорите беа следните.




Во **последното прашање** од оваа анкета се мереше **поддршката на граѓаните на Рамковниот договор**. Ова прашање беше поставено поради актуелноста на договорот на седумгодишнината од неговото донесување.



НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3,1% . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски - **Институт за Демократија (ИДСЦС)**

**Моб. +389 70 26 98 28** **Тел. +389 2 3094 760**